РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 05-245/1
12.01.2018 год.
ВЕЛЕС

Друштво за производство, трговија, транспорт, градежништво и услуги ХИДРО-ВОД ТИК КОМПАНИ ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 1/18
11.01.2018 год.
КАВАДАРЦИ

# ДОГОВОР

Склучен на ден __.01.2018 година, во Велес помеѓу следните

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

**1. ОПШТИНА ВЕЛЕС**, ул.Панко Брашнар бр.1, Велес, застапувана од Градоначалникот Аце Коцевски, во понатамошниот текст како набавувач и

**2. Друштво за производство, трговија, транспорт, градежништво и услуги „ХИДРО-ВОД ТИК КОМПАНИ" ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци**, ул. Партизанска бр.17, Кавадраци, застапувано од Ленча Нанчева во понатамошниот текст како носител на набавката.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е набавка на Услуги: **Користење на цистерна со висок притисок со минимум 150 бари со соодветна опрема за чистење и отстранување на канализациони и механички наслаги во канализациониот систем.**

Постапката е спроведена како Оглас за барање за прибирање на понуди ОБПП 71/2017 со одлука за Јавна набавка 05-2044/1 од 24.11.2017 година , со објава на ЕСЈН од 28.11.2017 година

## III. ЦЕНА НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Вредноста на услугите, согласно член 1 од овој Договор, ќе биде утврдена со финансиска документација, врз основа на единечните цени дадени во понудата во износ **до 500.000,00 денари со вклучен ДДВ**, во согласност со потребите на набавувачот.

Цените утврдени во овој договор се фиксни и непроменливи за целото времетрање на договорот и истите се утврдени во спецификацијата која е прилог кон овој договор.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 3

Плаќањето на цената од член 2 на овој Договор, ќе се врши по претходно доставена финансиска документација (фактура) за целиот утврден месечен износ на извршените услуги во рок од 60 дена.

## V. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 4

Носителот на набавката се обврзува да ги изврши услугите опишани во член 1 на овој Договор, по рок и динамика на извршување утврден во член 7 од овој Договор.

Носителот на набавката е должен да издаде налог за извршување на услугите во кој ќе биде означено местото на извршување, видот и количината.

Налогот се пополнува во 3 (три) примероци и истиот со полно име и презиме го потпишуваат лицето задолжено од набавувачот и носителот на набавката.

По еден примерок од налогот се предава на лицето задолжено од набавувачот, еден примерок задржува носителот на набавката за сопствени потреби и еден примерок заедно со фактурата се доставува до книговодството на набавувачот.

### Член 5

Носителот на набавката се обврзува услугите да ги изврши според видот утврден во член 1 од овој Договор (по спецификација) и во рокот определен во член 7 од овој Договор.

## VI. ОБВРСКИ НА НАБАВУВАЧОТ:

### Член 6

Набавувачот се обврзува дека плаќањето ќе го врши по претходно доставена финансиска документација (фактура) за целиот утврден износ на извршените услуги во рок утврден во член 3.

## VII. РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

### Член 7

Рокот на извршувње на услугите во смисол на член 1 од овој Договор е во рок од 48 часа по претходно добиен писмен налог од нарачателот.

### Член 8

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ги изврши услугите во рокот определен во член 7 од овој договор па заради тоа падне во задоцнување, истиот е должен да му плати на Набавувачот договорна казна во висина од 0,5% од вкупната цена определена во член 2 од овој Договор за секој ден на доцнењето.

Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена со член 2 од овој договор.

## VIII. РОК И ГАРАНЦИЈА НА КВАЛИТЕТОТ

**Член 9**

Носителот на набавката се обврзува дека без надоместок ќе ги отстрани сите грешки и технички недостатоци на извршените услуги.

## IX. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 10**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или нема да се придржува кон утврдениот квалитет, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или во спротивно да го раскине договорот.

**Член 11**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа писмено да ја извести другата договорна страна во рок од 30 дена.

**Член 12**

Со писменото известување се смета дека договорот е еднострано раскинат по истекот на отказниот рок од член 12.

## X. ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 13**

Материјален недостаток постои ако извршените услуги ги немаат потребните својства за нивна редовна употреба или ги немаат својствата и одликите од член 9.

**Член 14**

Набавувачот е должен извршените услуги да ги контролира на вообичаен начин за да се утврди дали постојат видливи недостатоци.

Доколку контролата се изврши во присуство на обете страни, Набавувачот е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Носителот на набавката веднаш.

Носителот на набавката се обврзува во примерен рок да ги отстрани недостатоците или извршените услуги да ги повтори, без право на посебен надоместок.

**Член 15**

Набавувачот кој навреме и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот, може:

- да бара од Носителот на набавката да го отстрани недостатокот;

- да бара од Носителот на набавката да ги повтори услугите до отстранување на недостатокот.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 16

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки, ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

За се што не е регулирано со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

### Член 17

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи, ќе ги решава надлежниот суд во Велес.

### Член 18

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| НОСИТЕЛ НА НАБАВКА | НАБАВУВАЧ |
| **ДПТТГУ ХИДРО-ВОД ТИК КОМПАНИ** | **ОПШТИНА ВЕЛЕС** |
| Управител, | Градоначалник, |
| Ленча Нанчева | Аце Коцевски |

## Прилог: Техничка спецификација со понудени единечни цени по е-аукција

| | Позиции на работи | един.мерка | количина | един.цена | ДДВ | ед.цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Работа на цистерната со работници за чистење на канализацијата до два часа интервенција | бр. | 1,00 | 12.258,54 | 2.206,54 | 14.465,07 |
| 2. | Ефективен работен час на цистерна со работници за чистење на канализацијата над два часа интервенција | час | 1,00 | 4.378,04 | 788,04 | 5.166,10 |
| 3. | Работа на цистерната со работници за црпење на отпадни води со работа до два часа | бр. | 1,00 | 10.507,32 | 1.891,32 | 12.398,63 |
| 4. | Ефективен работен час на цистерната со работници за црпење на отпадни води со работа над два часа | час | 1,00 | 8.756,10 | 1.576,10 | 10.332,20 |
| | **СЕ ВКУПНО :** | | | **35.900,00** | **6.462,00** | **42.362** |

Датум __.01. 2018

**ДПТТГУ ХИДРО-ВОД ТИК КОМПАНИ**
Управител,
Ленча Нанчева